MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0
Бр./Nr 12-1859/4
17-11-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 41-та седница одржана на 12.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2773/1 од 21.05.2019 година оформен по пријавата поднесена од непознат подносител.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2773/1 од 21.05.2019 година од причина што наводите не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12- 2773/1 од 21.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за преземени незаконски дејствија од страна на Директорот на ОУ "--------------------, општина ------------поврзани со распоредување на наставници од ова училиште во други училишта, како и случајот со прераспоредување на вработеното лице од работното место библиотекар на работно место помошник директор во ова училиште.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, ДКСК со Барање за прибирање податоци и инофрмации со број 12- 1859/1 од 04.05.2020 година побара од Државниот просветен инспекторат во рамките на законски надлежности да изврши вонреден инспекциски надзор на постапките за прераспоредување на наставен кадар од ова училиште од едно на друго работно место внатре во училиштето, како и распоредување на наставници од ова училиште во други училишта, како и дали Одлуката за прераспоредување на вработено лице од работно место библиотекар во помошник директор на ова училиште е донесена од страна на Директорот во согласност со законските одредби, дали училишниот одбор дал одобрение за оваа Одлука и дали претходно се обезбедени финансиски средства за финансирање на ова лице.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Државниот просветен инспекторат.

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи и по извршените проверки го утврди следното:

Во однос на наводите за прераспоредување на наставници вработени во ОУ------------------------------------- од страна на Државниот просветен инспекторат, како надлежен орган е констатирано дека за учебната 2019 /20 година нема прераспоредени наставници во други училишта во општина Битола, освен наставници кои се ангажирани за дополнување до полно работно време, при што Директорот на училиштето во целост ги почитувал одредбите од Законот за наставниците - член 10 став 2 од Законот за наставници („Сл.весник на РСМ бр.161/2019).

Во однос на наводите кои се однесуваат на прераспоредување на вработено лице од работното место Библиотекар на работно место помошник директор се констатира следната состојба:

-Со Одлука бр.02-3/65 од 20.11.2019 година работникот ----------- вработен на неопределно време на работи и работни задачи Директор на ОУ„---------------- бил прераспореден на работи и работни задачи Пом.директор во ПУ ----------- со 50% работно време и 50% Библиотекар.Прераспоредувањето е резултат на престанок на мандатот на Директорот по негово барање за разрешување и се распоредува согласно член 113 а во согласност со 114 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ" бр.161/2019) на работно место Пом.директор и Библиотекар. Работното место Помошник директор на кое е распореден е испразнето по основ на пензионирање на вработено лице.

Со Одлука бр.02-3/68 од 25.12.2019 година работникот Димитар Пипилевски вработен на неопределно време на работи и работни задачи пом.директор на ОУ„Крсте П.Мисирков" с.Бистрица-ПУ.Кишава со 50% работно време и Библиотекар со 50% работно време се прераспоредува на работи и работни задачи Пом.директор и наставник по германски јазик сметано од 26.12.2019 година. Одлуката е донесена согласно член 113 и 114 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ" бр.161/2019).

------------------ е распореден како наставник по германски јазик, поради користење на боледување на -----------, наставник по Германски јазик вработена на опеределено работно време во ОУ„------------------------ и со Спогодба агажирана во ОУ -------------- за 4 наставни часа.

Со Одлука бр.02-3/31 од 20.05.2020 година работникот ---------------, вработен на неопределно време на работи и работни задачи Пом.директор на ОУ-----------------, библиотекар и наставник по германски јазик со полно работно време се прераспоредува на работи и работни задачи библиотекар со 12 наставни часа и наставник по германски јазик со 8 наставни часа (2 наставни часа во ОУ„--------------------- и 6 наставни часа во ОУ„--------------- сметано од 20.05.2020 година). Одлуката е донесена согласно член 113 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ" бр.161/2019), односно со донесувањето на истата нема повреда на одредбите од Законот за основното образование (член 113).

Со Одлука бр.02-3/17 од 30.01.2020 година работникот ----------- вработен на определно време на работи и работни задачи наставник по албански наставен јазик со 15 наставни часа и информатика на албански наставен јазик со 7 наставни часа, ПУ с.Кишава, се прераспоредува на работи и работни задачи Пом.директор за ПУ ------------- и др 6 ПУ каде наставата се реализира на албански наставен јазик со

50% работно време и наставник на албански јазик со 3 наставни часа и информатика на албански наставен јазик со 7 наставни часа, ПУ с.Кишава почнувајќи од 03.02.2020 година. Одлуката е донесена согласно член 113 и 114 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ" бр.161/2019). Државниот просветен инспекторат констатирал дека во моментот на донесување на одлуката именуваниот ги исполнувал условите за помошник директор (работен стаж и соодветно образование).

Во однос на наводите кои се однесуваат на постапките за прераспоредување на наставен кадар од ова училиште од едно на друго работно место внатре во училиштето, од увидот во документацијата е констатирано дека во учебната 2019/20 година извршени се прераспоредувања, при што во целост е почитуван членот 113 од Законот за основното образование („Сл.Весник на РСМ" бр.161/2019).

Утврдено е дека прераспоредените наставници за работните места имаат соодветно образование согласно Законот за основното образование, Законот за наставниците и стручните соработници и нормативот за наставен кадар од наставните програми за конкретните работни места, односно наставни предмети. Од увидот во документацијата и изјавата на ВД директорот е констатирано дека прераспоредените наставници до денот на надзорот не поднеле приговор на донесените одлуки за прераспоредување до Училишниот одбор на основното училиште како орган кој има надлежност да одлучува по приговори на вработените или до Државниот просветен инспекторат. Во однос на распоредувањето на наставниците не се констатирани повреди на Законот за основното образование.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган (Државен просветен инспекторат) кој во рамките на своите законски надлежности ја утврдил фактичката состојба и при тоа не констатирал неправилности во постапките за прераспоредување на наставен кадар од ОУ-------------------- во други училишта, ниту во постапката за прераспоредување на вработеното лице од работното место библиотекар на работно место помошник директор во ова училиште. Оттаму ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметиот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**